Ретроспектива на Владимирски во Даут пашин амам

Од импресионизам до целосна експолозија на бојата

Стогодишнината од раѓањето на Томо Владимирски, еден од великаните и доајените на македонското современо сликарство, беше одбележана со отварање на ретроспективна изложба, со негови дела, во Националната галерија во Даут пашин амам. На изложбата се поставени повеќе од 140 дела: масла, акварели и цртежи за сценографија од сите творечки периоди на авторот. Ретроспективната изложба ја отворија Мелпомени Корнети, заменик министер за култура и Коле Чашуле, современик и личен пријател на Владимирски, кој трогнат од присуството на невообичаено големиот број посетители рече - “Поинаку мислев да го започнам својот говор, но гледајќи го целиот овој свет овде само ќе речам: Е, Томо, каде си сега да го видиш овој народ овде кој дошол да ги види твоите дела“.
Не само делата на Владимирски, туку и целокупната поставка, изведена од Мирјана Талеска, виш кустос во Националната галерија, ја фасцинираа и воодушевија публиката. Влегувајќи од еден во друг изложбен простор делата на Владимирски се нижат едно по друго водејќи го гледачот низ импресионизмот преку постимпресионизмот до целосната експлозија на бои и потези на сликарската четка во експресионистичката фаза на авторот.
Освен во сликите авторската трансформација може да се види и во цртежите за театарска сценографија каде од почетните чисто класични театарски сценографии Владимирски во втората фаза создава чудесно креативни и имагинативни волшебни простори.
Е.О.С.